РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр./Nr 09 - 1321/3

24 -11- 2021 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на првото продолжение на 55- тата седница, одржано на ден 17.11.2021 година, донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-1321/1 од 26.03.2021 година доставена од познат подносител СЕ ЗАПИРА.

Државната комисија нема доволно елементи за да покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси во предметот со бр.09-1321/1 од 26.03.2021 согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 09-1321/1 од 26.03.2021 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Врз основа на пријава од познат подносител оформен е предмет број 09-1321/1 од 26.03.2021 со наводи дека директорот на ООУ „------------------------------ со наводи дека ја злоупотреба својата позиција која ја има како директор со сомнеж за непотизам односно вработување на блиски лица во овој случај ќерката во училишната библиотека.

Поради фактот што во пријавата немаше доволно елементи за кое лице станува збор (име и презиме) и работната позиција за истото, ДКСК се обрати до подносителот на пријавата и побара допрецизирање на истата.

Подносителот на пријавата не достави одговор по наведените прашања, односоно не ја допрецизира пријавата, по што Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Е.М – советник
Одобрил: С. П. Д, - Член на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk